Општина Охрид
Градоначалник

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 09-38/5
ОХРИД 23.01.2023 год

Градоначалник

Димитар Влахов
бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр 5/02), програмата за социјална и здравствена заштита на општина Охрид за 2023 година, правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансиска поддршка на граѓанска организација која координира центар на територијата на општина Охрид кој згрижува и третира деца со атипичен развој, јавниот повик за финансиска поддршка на граѓанска организација која координира центар на територијата на општина Охрид кој згрижува и третира деца со атипичен развој како и записникот со предлог од Комисијата број 09-38/4 од 23.01.2023 година, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

1. Здружение за поддршка и третман на лица со аутистичен спектар и атипичен развој ВО МОЈОТ СВЕТ - Скопје **СЕ ИЗБИРА** согласно јавниот повик за финансика поддршка на граѓанска организација која координира центар на територијата на општина Охрид кој згрижува и третира деца со атипичен развој;

2. Со избраната граѓанска организација ќе биде склучен Договор во кој детално ќе бидат наведени нејзините обврски како и обврските на општина Охрид по однос на спроведување на оваа активност.

*Образложение*

Градоначалникот на општина Охрид распиша јавен повик за финансиска поддршка на граѓанска организација која координира центар на територијата на општина Охрид кој згрижува и третира деца со атипичен развој број 09-38/2 од 03.01.2023 година. За потребите на јавниот повик донесе правилник за начинот, постапката и критериумите за финансиска поддршка на граѓанска организација која координира центар на територијата на општина Охрид кој згрижува и третира деца со атипичен развој со број 09-38/1 од 03.01.2023 година и формира комисија за отварање, разгледување, и одлучување по пристигнати пријави на јавниот повик за финансиска поддршка на граѓанска организација која координира центар кој згрижува и третира деца со атипичен развој формирана со решение број 09-38/3 од 03.01.2023 година. Комисијата на ден 23.01.2023 година во просториите на општина Охрид, во полн состав оддржа состанок, состави записник број 09-38/4 од 23.01.2023 година и до Градоначалникот достави предлог за избор на граѓанска организација која координира Центар на територијата на општина Охрид кој згрижува и третира деца со атипичен развој;

Општина Охрид
Градоначалник

Градоначалник

Димитар Влахов
бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Согласно предлогот, Градоначалникот на општина Охрид донесе одлука како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение е дозволена жалба во рок од 8 дена од денот на известувањето за извршен избор. Жалбата се доставува до Градоначалникот на општина Охрид.

Општина Охрид
Градоначалник
Кирил Пецаков